# ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА БИТОЛА
# ЗА 2023 ГОДИНА


Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски

Изготвил:
Советник во одд.за буџетска координација
С. Н.Димовска

Контролирал
Рак.на Сектор за Финансиски прашања
Б. Талевска


*Битола, Март 2024 година*

Содржина:

- Вовед _2_
- Годишна сметка / наративен дел _3_
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност _17_
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности _21_
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Биланс на состојба сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95.385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ. Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95.385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко (урбано и рурално) планирање
- Заштита на животната средина и природата
- Локален економски развој
- Комунални дејности
- Култура
- Спорт и рекреација
- Социјална заштита и заштита на децата
- Образование
- Здравствена заштита
- Заштита и спасување
- Противпожарна заштита
- Надзор над вршењето на работи од нејзина надлежност
- Други надлежности определени со закон.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите (Службен весник број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2023 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 28.12.2022 година, го донесе Буџетот на Општина Битола за 2023 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2023 година.

Во текот на 2023 година се донесени една Одлука за проширување на буџетот на 24-та седница одржана на ден 20.02.2023г. и една Одлука за пренамена на буџет донесена на 26-та седница одржана на ден 20.04.2023 година.

Усвоени се три Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2023 година и тоа на 29-та сеница одржана на 11.07.2023 година, на 31-та седница одржана на ден 06.09.2023 година (истата не беше вчитана од страна на Министерството за Финансии) и на 33-та седница одржана на 09.11.2023 година. Измените и дополнувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодноc на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 39.849 решенија на данок на имот,
- 4.971 решенија за фирмарина,
- 1275 решенија за купопродажба,
- 1822 решенија за наследство и подарок,
- 61 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 171 пресметки за уредување на градежно земјиште,
- 74 одобренија за прекопи на објекти од комунална инфраструктура,
- 26 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,
- 45 решенија за поставување на подземни инсталации,
- 18 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници,
- 3 издадени лиценци за патници,
- 32 изводи за патници
- 34 изводи од лиценци,
- 3 дозволи за движење по Широк сокак,
- 2 одобренија за вонреден превоз,
- 22 времен режим на сообраќај,
- 14 траен режим на сообраќај,
- 159 одобренија за градење,
- 20 урбанистички проекти,
- 24 елаборати за животна средина,

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 321 издадени одобренија за користење на урбана опрема,
- 812 излезни фактури за закупнини,
- 723 уверенија за куќен број,
- 1386 изводи од план,
- 414 уверенија во или вон градежен регион,
- 20 запишување на ифраструктурни објекти,
- 277 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар,
- 530 запишување на легализација,
- 15 бришење на прибелешки,
- 299 имотни листови,
- 73 историјати,
- 32 запишување на незапишани права

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на пресметки за надомест за бесправно изградени објекти, надомест за концесија за експлатација на минерални суровини и приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

## На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **994.921.733** | **1.059.688.095** |
| **71 Даночни приходи** | **561.941.446** | **643.226.455** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 51.035.000 | 59.883.310 |
| 713 Даноци на имот | 170.750.000 | 196.061.293 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 316.496.446 | 382.745.299 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 23.660.000 | 4.536.553 |
| **72 Неданочни приходи** | **42.873.819** | **29.251.560** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 4.000.000 | 2.519.103 |
| 723 Такси и надоместоци | 12.000.000 | 14.289.491 |
| 725 Други неданочни приходи | 26.873.819 | 12.442.966 |
| **73 Капитални приходи** | **105.463.036** | **112.901.559** |
| 731 Продажба на капитални средства | 0 | 420.000 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 105.463.036 | 112.481.559 |
| **74 Трансфери и донации** | **284.643.432** | **274.308.521** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 284.643.432 | 274.308.521 |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

### 71 Планираните даночни приходи се остварени над 100%

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, од планираните 51.035.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени се приходи во износ од 59.883.310,00 денари или над 100%.

Ставка 713- Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 170.750.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 196.061.293,00 денари или над 100%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 316.496.446,00 денари остварени се приходи во износ од 382.745.299,00 денари или над 100%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 23.660.000,00 денари остварени се 4.536.553,00 денари или 19,17%.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 68,23%**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 4.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 2.519.103,00 денари, или 62,98%.

Ставка 723- Такси и надоместоци од планираните 12.000.000,00 денари остварени се приходи во износ од 14.289.491,00 денари, или над 100%.

Ставка 725- Други неданочни приходи од планираните 26.873.819,00 денари, остварени се приходи во износ од 12.442.966,00 денари или 46,30%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со над 100%**

Ставка 731- Продажба на капитални средства не беа планирани, но се реализирани со 420.000,00 денари.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 105.463.036,00 денари, остварени се приходи од 112.481.559,00 денари или над 100%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се 96,36%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 284.643.432,00 денари, остварени се приходи во износ од 274.308.521,00 денари или 96,36%.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2023 година се реализирани со над 100%.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **106.532.909** | **56.845.443** |
| **72 Неданочни приходи** | **104.809.555** | **56.310.934** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | | 2.025 |
| 723 Такси и надоместоци | 96.979.755 | 51.300.538 |
| 725 Други неданочни приходи | 7.829.800 | 5.008.371 |
| **74 Трансфери и донации** | **1.723.354** | **534.509** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.723.354 | 534.509 |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 53,36%.**

Поодделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **87.647.182** | **31.485.220** |
| **74 Трансфери и донации** | **87.647.182** | **31.485.220** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 5.563.983 | 21.265.013 |
| 742 Донации од странство | 81.869.249 | 10.220.207 |
| 744 Тековни донации | 213.950 | 0 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи

До крајот на 2023 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 87.647.182,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки,општината на оваа сметка има остварување на приход од 31.485.220,00 денари, или 35,92%

## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 34 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2023 година е извршена како резултат на спроведени **227 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2655 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **994.921.733** | **819.031.740** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **121.233.186** | **111.528.213** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 70.000.697 | 63.909.883 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 26.196.076 | 24.482.007 |
| 404 Надоместоци | 25.036.413 | 23.136.323 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** | **1.080.033** |
| 412 Постојана резерва | 1.500.000 | 1.080.033 |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | 0 |
| **42 Стоки и услуги** | **297.097.079** | **258.641.920** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.970.000 | 1.246.225 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 104.755.051 | 89.882.121 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 11.124.274 | 7.824.391 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 100.524.564 | 89.636.156 |
| 425 Договорни услуги | 41.933.940 | 37.160.915 |
| 426 Тековни расходи | 23.789.250 | 21.298.235 |
| 427 Привремени вработувања | 12.000.000 | 11.593.877 |
| **45 Каматни плаќања** | **1.765.814** | **1.765.814** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 1.765.814 | 1.765.814 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **148.484.656** | **137.064.382** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 9.049.770 | 9.049.770 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 73.750.000 | 73.560.000 |
| 464 Разни трансфери | 64.134.886 | 53.117.494 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 1.550.000 | 1.337.118 |
| **47 Социјални бенифиции** | **4.700.000** | **4.676.815** |
| 471 Социјални надоместоци | 4.700.000 | 4.676.815 |
| **48 Капитални расходи** | **405.440.998** | **289.982.363** |
| 480 Купување на опрема и машини | 18.339.281 | 13.001.979 |
| 482 Други градежни објекти | 368.683.617 | 268.383.911 |
| 483 Купување на мебел | 500.000 | 242.476 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 17.918.100 | 8.353.997 |
| **49 Отплата на главница** | **14.500.000** | **14.292.200** |
| 491 Отплата на главнина | 14.500.000 | 14.292.200 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се во износ од 63.909.883,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 70.000.697,00 денари.

Ставка 402- Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се во износ од 24.482.007,00 денари од вкупно планирани во буџетот 26.196.076,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 23.136.323,00 денари од планираните 25.036.413,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва е реализирана со средства во износ од 1.080.033,00, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 1.246.225,00 денари од планираните 2.970.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 89.882.121,00 денари, од планираните 104.755.051,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 7.824.391,00 денари, од планираните 11.124.274,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 89.636.156,00 денари од планираните 100.524.564,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 37.160.915,00 денари од планираните 41.933.940,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 21.298.235,00 денари, од планираните 23.789.250,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се во износ од 11.593.877,00 денари, од планираните 12.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 1.765.814,00 денари , реализирани се трошоци во износ 1.765.814,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, реализирани се трошоци во износ од 9.049.770,00 денари, од планираните 9.049.770,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани во износ од 73.560.000,00 денари, од планираните 73.750.000,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 53.117.494,00 денари, од планираните 64.134.886,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил реализиран износ од 1.337.118,00 денари, од планираните 1.550.000,00

Ставка 471- Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 4.676.815,00 денари, од планираните 4.700.000,00 денари.

Ставка 491- Отплата на главница до нерезидентни кредитори, реализирани се трошоци во износ од 14.292.200,00 денари, од планираните 14.500.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 13.001.979,00 денари, од планираните 18.339.281,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 268.383.911,00 денари, од планираните 368.683.617,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел, реализирани се расходи во износ од 242.476,00 денари, од планираните 500.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 8.353.997,00 денари, од планираните 17.918.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 82,32%. Програмата А0- Совет на општината е извршен 86,38%, програмата ВАА- Изградба на детска градинка во АРМ е извршена со 46,48%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 78,14%, програмата Г2-Поттикнување на развојот на туризмот е извршена со 49,75%, програмата ГД- Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 90,95%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 83,41%, Д1- Месна самоуправа со 57,35%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 89,65%, програмата ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 67,22%, програмата Ј2- Одведување и пречистување на отпадни води е извршена со 100%, програмата Ј3- Јавно осветление е извршена со 97,44%, програма Ј4- Јавна чистота со 100%, програмата Ј5- Јавен локален превоз на патници е извршена со 100%, програма Ј6- Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 68,49%, програма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, програма Ј8- Други комунални услуги со 88,79%, ЈА- Др.градежни работи реализирана со 69,12%, ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 64,77%, ЈГВ- Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба Недопирливи со 100%, програма ЈГМ- Реконструкција на водоводна мрежа Булевар 1-ви Мај е со 100%, програмата ЈГР- Реконструкција на водоводни приклуоци во Горно Оризари со 100%, ЈДО- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици со 74,75%, ЈДА- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици- Довлеџик реализирана е со 100%, ЈДД- Изградба на улици СРУ 5 во АРМ четврт 1 со 92,64%, ЈДЕ- Изградба и реконструкцја на локални патишта и улици – Крушевска Република со 37,72%, ЈДЈ- Реконструкција на локални улици и патишта ул 7-ми Јули со 98,27%, ЈДК- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици Булевар 1-ви Мај со 98,81%, ЈДЛ- Реконструкција на улица Солунска со 100%, ЈДН- Реконструкција на паркинг простор кај спортската сала Боро Чурлевски со 100%, ЈДО- Изградба на улична мрежа во с. Оптичари со 100%, ЈДП- Реконструкција на ул. Н.Н Борче со 99,78%, ЈДС- Реконструкција на коловоз на улица Стив Наумов со 12,41%, ЈДТ- Изградба на улици во СТУ 1 во АРМ четврт 1 со 49,14%, ЈДУ- Изградба на улична мрежа со с. Егри и во с. Лажец со 100%, ЈДФ- Реконструкција на улица Македонска Фаланга со 100%, ЈДХ- Реконструкција на улицата покрај Св Неделските гробишта со 100%, ЈДЦ- Изградба на

улична мрежа во с. Долно Оризари со 100%, ЈИ- Изградба на атмосферска и фекална канализација со 48,10%, ЈИЕ- Реконструкција и канализациона мрежа во населба Недопирливи е извршена со 100%, ЈИР- Реконструкција на канализациона мрежа на улица Солунска втора фаза со 100%, ЈИФ- Реконструкција на мешовита канализација на краци во Горно Оризари со 100%, ЈЛ- Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 45,62%, ЈЛА- Изградба на парк е извршена со 65.48%, ЈЛБ- Адаптација на објект- ветеринарни институции од урбан тип со 69,93%, ЈЛЈ- Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување со 100%, ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација со 56,61%, К3- Музејска и кинотечна дејност со 99,17%, К4- Културни манифестации и творештво е реализирана со 99,52%, КАМ- Партерно уредување околу Офицерски дом е извршена со 100%, КАР- Набавка, транспорт и монтажа на канделабри во Офицерски дом со 100%, ЛО- Спорт и рекреација со 100%, ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи) со 97,34%, ЛАА- Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе-кафе со 100%, ЛАТ- Поставување на урбана опрема за спортско-рекреативни активности со 100%, Н1- Основно образование со 78,46%, НА- Капитални расходи за основно образование со 99,96%, ЊО- Противпожарна заштита со 85,99%, ЊА- Противпожарна заштита (капитални расходи) со 41,99% Р1- Заштита на животна средина и природа со 76,20%, РА- Заштита на животна средина и природа (капитални расходи) со 94,40%, Ф1- Урбанистичко планирање со 97,95% и Џ1- Родова еднаквост е извршена со 96,50%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени, како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ **111.528.213,00 денари**.

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот, претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **1.246.225,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување, телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе (општински линиски превоз), и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е вкупен износ од **89.882.121,00 денари.**

**Ставката 423 Материјали и ситен инвентар** опфаќа: канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар, резервни делови и други материјали, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е со вкупен износ од **7.824.391,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ, услуги за обезбедување на објекти, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на автопати, улици и патишта, одржување на др. градби, поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени

површини, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е во износ од **89.636.156,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурување на возилата, осигурување на недвижностите и правата, осигурување на вработените, изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации, лица вклучени за достава на решенија и др), рушење на објекти, консултански услуги, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1- основно образование, вкупната реализација е во износ од **37.160.915,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **21.298.235,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола, спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.)

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **11.593.877,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **1.765.814,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за заем за изградба на улиците во АРМ.

**Ставка 461 Субвенции за јавни претпријатија** е реализирана во износ од **9.049.770,00 денари**, а се однесуваат на субвенции за јавните претпријатија ЈП Пазари (4.500.000,00 денари), КЈП Нискоградба (450.000,00 денари), ЈП Паркинзи (2.950.000,00 денари), ИЗ Жабени (450.000,00 денари), ЈП Пелалинк -јавен локален превоз на патници (699.770,00 денари).

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **73.560.000,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани, и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **53.117.494,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија( најголем дел се однесуваат за каснување од куче, односно 190 лица каснати од куче), за трансфери при пензионирања, трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2023 година,згрижување на бездомници, кофинансирање во проектите Смарт-кул-тур, Интеграција зелен транспорт, Бенефит, издвоени финансиски средства за остварени спортски резултати, извршување на практикантска работа, изградба на инфраструктура за заштита на животна средина и друго.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **1.337.118,00 денари** и тоа за плаќања на извршни исправи, трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **4.676.815,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник, а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **13.001.979,00 денари** и ги опфаќа набавка на серверска опрема, на информатичка опрема, набавка и монтажа на столчиња на стадион Тумбе кафе, набавка на направи за смирување на сообраќајот, набавка на сообраќајни знаци , на резервни делови за сервисирање – реконструкција на семафори и други набавки..

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи (улици, патишта, водоводи, канализација и др објекти) на општината и е реализирана со вкупен износ од **268.383.911,00 денари.**

**Ставката 483 Купување на мебел** е наменета за купување на канцелариски столици, набавка на сталажи, конференциска маса , плакар и комода и е реализирана со вкупен износ од **242.476,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **8.353.997,00 денари** и тоа за : набавка на ГИС систем за електронски постапки, надоместок за експропријација за Изградба на канализација во с. Трново, надомест за одземен имот локален пат с.Маловишта, надомест за одземен имот канализација с. Долно Оризари, надомест за одземен имот канализација с. Трново, надомест за одземен имот за ул. 21-ва, надомест за одзмен имот за ул. Довлеџик, надмомест за одземен имот за Брусничко лавчански реон, спогодба за експропријација за изградба на улица 21-ва, улица Довлеџик, улица16-та, експропријација за Изградба на главен собирен колектор.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **14.292.200,00 денари**, за отплата на десетта и единаеста рата главнина за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

## На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **106.532.909** | **53.850.650** |
| **42 Стоки и услуги** | **89.511.869** | **49.804.775** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.344.301 | 278.036 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 12.037.000 | 6.934.471 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 44.453.560 | 26.913.910 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 13.114.000 | 3.814.823 |
| 425 Договорни услуги | 13.976.008 | 9.479.318 |
| 426 Тековни расходи | 4.487.000 | 2.384.217 |

| | | |
|---|---|---|
| 427 Привремени вработувања | 100.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.999.000** | **746.838** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 1.999.000 | 746.838 |
| **48 Капитални расходи** | **15.022.040** | **3.299.037** |
| 480 Купување на опрема и машини | 6.377.040 | 1.412.246 |
| 482 Други градежни објекти | 2.900.000 | 207.847 |
| 483 Купување мебел | 3.292.000 | 167.729 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 553.000 | 59.815 |
| 486 Купување на возила | 1.900.000 | 1.451.400 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани во износ од 53.850.650,00 денари од планираните 106.532.909,00 денари или 50,55% и тоа:

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.344.301,00 денари, реализирани се 278.036,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 12.037.000,00 денари, реализирани се 6.934.471,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 44.453.560,00 денари реализирани се 26.913.910,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 13.114.000,00 денари, реализирани се 3.814.823,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.976.008,00 денари реализирани се во износ од 9.479.318,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 4.487.000,00 денари, реализирани се 2.384.217,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирана е со износ од 100.000,00 денари, но нема реализација.

Ставка 464- Разни трансфери планирани се средства во износ од 1.999.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 746.838,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини од планираните 6.377.040,00 денари, реализирани се 1.412.246,00 денари.

Ставка 482- Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 2.900.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 207.847,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 3.292.000,00 денари, реализирани средства во износ од 167.729,00 денари .

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 553.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 59.815,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила планирана е со износ од 1.900.000,00 денари, реализирани се 1.451.400,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1-Детски градинки со 47,59 %, В2- Дом за стари лица со 81,63%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 23,42%, ВБ- Капитални расходи за Дом за стари лица со 8,15%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 60,90%, Н1- Основно образование со 23,77%, Н2- Средно образование со 43,71%, НА- Капитални расходи за основно образование со 29,44% и НБ-Капитални расходи за средно образование со 16,71%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **87.647.182** | **31.485.220** |
| **42 Стоки и услуги** | **31.800.400** | **14.887.824** |
| 420 Патни и дневни расходи | 13.654.296 | 6.693.284 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 363.244 | 98.446 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 1.514.490 | 282.908 |
| 424 Поправка и тековно одржување | 10.000 | 10.000 |
| 425 Договорни услуги | 12.027.792 | 5.725.743 |
| 426 Тековни расходи | 4.230.578 | 2.077.443 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **23.238.807** | **10.541.953** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 1.000.000 | 108.291 |
| 464 Разни трансфери | 22.238.807 | 10.433.662 |
| **48 Капитални расходи** | **32.607.975** | **6.055.443** |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.258.950 | 737.460 |
| 482 Други градежни објекти | 31.289.025 | 5.317.983 |
| 483 Купување мебел | 30.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 30.000 | |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, градинките се рализирани во износ од 10.325.455,00 денари од планираните 24.367.574,00 денари или 42,37%.

**Донација-Бенефит** од планираните 1.640.580,00 денари реализирани се средства во висина од 1.108.893,00 денари или 67,59%.

**Донација-Детска градинка во АРМ** од планираните 5.317.983,00 денари реализирани се средства во висина од 5.317.983,00 денари или 100%.

**Донација-Интеграција зелен транспорт** од планираните 2.989.000,00 денари реализирани се средства во висина од 1.476.200,00 денари или 49,39%.

**Донација-Смарт-кул-тур** од планираните 246.000,00 денари, реализирани се 245.536,00 денари или 99,81%.

**Донација-Ромска здравствена заштита-Еразмус 2-Здравствени медијатори** од планираните 1.000.000,00 денари реализирани се средства во висина од 108.291,00 денари или 10,83%.

**Донација- Образование за возрасни и деца Роми 2023** од планираните 920.040,00 денари реализирани се средства во висина од 608.574,00 денари или 66,15%.

**Донација-Креирање на можноста за работа за сите** од планираните 2.000.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 1.233.392,00 денари или 61,67%.

**Донација-ОКР СРЦ 19** од планираните 720.000,00 денари, не се реализирани средства

**Донација- Смарт за тебе 2** од планираните 48.446.005,00 денари, реализирани се средства во висина од 11.060.896,00 денари или 22,83%.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:

Слободан Најдовски претседател
Изабела Ѓоревска зам. претседател
Евгенија Чукалевска член
Наталија Стојковска зам. член

Миле Бошевски член
Зоран Здравевски зам. член
Марина С. Јовчева член
Катерина Искова зам. член
Диме Секлевски член
Тања Китани зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 17.746.875,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 10.989.173,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **6.757.702,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на јавното претпријатие ЈП за планирање и проектирање на урбанистички планови, нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците,софтвер за аплицирање за инвертер клими, антивирусна програма,лиценца за постоечките компјутери, софтвер за евиденција на работно време, и новонабавените интегриран систем ГИС, проширување на системот за финансиско работење и интегриран систем за елекотронски постапки (менаџирање на документи).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **134.437.585,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација, донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018) и градежно земјиште во дворот на зградата на Општина Битола и во дворот на месната заедница во с. Буково.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 1.863.533.878,00 денари |
| Исправка на вредноста | 127.983.972,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **1.735.549.906,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, 11 монтажни киосци на автобуските постојки, Спортска сала Боро Чурлевски, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков, Дом за доенчиња и мали деца ( Одлука на Влада број 45-8931/1 од 10.12.2019 година), Кино Манаки, Градски стадион под Тумбе кафе (северна трибина), Општинската зграда со помошните објекти, зградата на Народна одбрана, против пожарниот дом, месни заедници (Буково, Бистрица, Логоварди, Дихово, Лисолај, Ротино, Цапари).

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 156.898.833,00 денари |
| Исправка на вредноста | 63.194.012,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **93.704.821,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 4 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште, фитнес зона на отворено (до спортската сала од Агенциај за млади и спорт), детски паркови (ОУ Даме Груев, ОУ Климент Охридски, ОУ Коле Канински, ДГ Пролет, ДГ Коца Василева, УЗ Кочо Десано и детски паркови на улица Север-југ, Борис Буџевски и во градскиот парк) , нови детски паркови (во населба Карпош, Долно Оризари и кај ОУ Климент Охридски) и два дуќани на улица Далматинска и на ул. Петар Петрович Његош.
Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 240.567.256,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 152.651.539,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **87.915.717,00 денари** |

Ново набавени се компјутери, столици, сталажи за потребите на Општината

**Други материјални средства** **31.209.175,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината, и новиот Мурал бреговите на реката Драгор (репродукција на францускиот уметник Жан Пјерисак).

**Инвестиции во тек** **66.220.775,00 денари**

Во инвестиции во тек се Детската градинка во АРМ, Детски парк кај Довлеџик, паркинг кај спортската сала Боро Чурлевски, противпожарен дом кај касарната, стационар за кучиња, изведбите за топловодот Север-Југ од 2008 и 2009 година.

**Долгорочни финансиски вложени и здружени средства** **2.012.901.486,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, КИЦ и јавно претпријатие за превоз на патници Пелалинк и спортските клубови.

Според извештајот на третата пописна комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци** **49.985.998,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура во АРМ- четврт 1 и 2.Со напомена дека веќе се отплатени 11 (единаесет) рати од главниот долг ( остануваат уште 9 рати, краен рок на отплата е до 2028 година).

**Пари на жиро сметка** **250.409.375,00 денари**

**Парични средства во касата**
**Бонови за гориво** **95.000,00 денари**

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **202.462.653,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти **1.419.517,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **5.826.418,00 денари** ( истите се задолжени за продолжени анекси за наредните две години).
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **143.130.648,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **6.705.226,00 денари**.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **168.384,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Побарувања за дадени аванси,депозити и кауции** **4.997.451,00 денари**
Се однесуваат на средства дадени како кофинансирање за проектите Смарт-кул-тур и Интеграција зелен транспорт.

**Побарувања од купувачите** **31.172.094,00 денари**

Овие побарувања се однесуваат на побарувања по основ на средства на јавна чистота (31.015.277,00 денари) и побарувања по основ судски постапки во тек (156.817,00 денари)

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **54.128.175,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски (ел.енергија,превоз,нафта ), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во село Дихово и Нижополе од 2016 година (1.063.080,00 денари),

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **105.555.734,00 денари.**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување и за фактури кои пристигаат во први месец 2024 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2023 година (99.726.230,00 денари). Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2024 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи-правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 4.104.374,00 денари). Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови и спогодби за каснати од куче (1.725.130,00 ден.).

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **955.100,00 денари.**
Тоа се обврски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев (332.100,00),остатокот се за исплата на други физички лица.

**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **14.281.712,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.

**Обврски спрема вработените** **59.313,00 денари.**
Обврски за неисплатени дневници за службени патувања кои настанале во месец декември.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **698.021,00 денари.**
Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2023 година, кој се исплаќа во јануари 2024 година.

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од** **69.806,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обврските спрема државата и други институции** **183.681,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2023 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев, како и обврската за исплаќање на персонален данок кон физичките лица.

**Пресметка и обврски за плати** **7.185.138,00 денари.**
Обврските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2023 година.

**Материјали на залиха** **3.181.419,00 денари.**
Се однесуваат на материјали за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.
**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **4.427.760,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција** **4.221.864.584,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината ( градскиот Стадион под Тумбе кафе, изградба на Кино Манаки,изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа и коловози во општина Битола, залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Битола,добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Битола , опремата , канцелариски мебел и др.)

### 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **268.383.911,00 денари.**

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **8.285.682,00 денари**. Изработени се ревизии на проект за улици во с. Буково, с. Егри, направена е ревизија на сообраќаен проект – направи за смирување на сообраќајот пред СОУ Ѓорѓи Наумов, направени се неколку проекти за реконструкција на коловозот на пат и тоа во с. Буково, с. Лажец, Долно Оризари, с. Егри, с. Оптичари, с. Ротино, проект за реконструкција на коловозот на улица Захарија Шумљанска, на ул. Даме Груев, ул. Крстин Чулаковски, ул. Митре Врчаковски, на дел од улица Нико Фундали, ул. Леринска и други улици. Изготвени се повеќе проекти за реконструкција на улици меѓу кои на дел од улицата Димитар Илиевски Мурато, за улица Донка Ушлинова, изградба на улици од СТУ 8 во АРМ четврт 2, проекти за изградба на паркинзи со фази : коловоз, атмосферска, улично осветлување ( Јени мале, Декорпот,ул Кавала и др), проект за реконструкција со доградба на дел од ул. 8ми септември до бензиска пумпа Лукоил за фази коловоз, атмосферска канализација, водоводи и улично осветлување.

**За изградба и реконструкција на улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **112.412.140,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: изградба на коловоз на улица Крушевска Република, реконструкција на коловоз на ул. Стара Чешма, изградба на коловоз на ул. 16та, изградба на коловоз ул. СРУ5 во АРМ, реконструкција на коловоз во с. Лажец, во с. Оптичари, изградба на коловоз на улица СТУ 1 во АРМ, реконструкција на линиска инфраструктурна градба во с. Долно Оризари. Направена е реконструкција на коловоз на ул. 7ми Јули, на дел од улица Македонска Фаланга, на ул. Наум Наумовски Борче, на коловозот на локален пат с. Брусник, реконструкција на коловоз на ул. Зборска, ул. Драгорска Направена е изградба на девијација (времен приклучок) за мост на р. Драгор на ул. Довлеџик, извршена е и санација на ударни дупки со асфалт и коцки на повеќе места, реконструкција на канализација, водовод и коловоз на Булевар 1ви Мај, санација на локални патишта и улици со гребен асвалт, реконструкција на тротоар кон постоечки коловоз на ул. Ѓурчин Наумов- Пљакот и улична мрежа на локален пат до Долно Оризари. Изградба на паркинг простор и канализација и одводнување со пристап меѓу улиците Ц. Василев и Кочани , реконструкција на паркинг пред спортска сала Боро Чурлевски, изградба на кружен тек на ул. Прилепска.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **372.288,00 денари** и тоа за проекти за изградба на паркинзи со фази, геотехнички истражни работи за пречистителни станици, проекти за канализација на ул. Влатко Миленковски, ул. Гаврило Принцип, ул. Паца Ванчова, ул. Нико Фундали. Подготвување на проекти на пречистителни станици за ул. Христо Ботев и др.

**За изградба и реконструкција на пречистителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **24.464.893,00 денари**, изработка на атмосферска канализација кај ОУ Коле Канински, изградба на фекална канализација во с. Трново, реконструкција на мешовита канализација на во нас. Недопирливи, изградба на решетка и сливници во Општина Битола, реконструкција на канализација на ул. Солунска , чистење на река Драгор, машинско чистење на канали на локален пат с. Острец.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **293.740,00 денари**, за проект за реконструкција со доградба на дел од ул. 8ми септември, изработка на проектна документација за изградба на улици во АРМ, проект за реконструкција на водоводна мрежа на улиците 11 март, Панде Николов, Козара, Чеде Филиповски, проект за реконструкција на водоводна мрежа на улица Христо Ботев и др.

**За изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **18.202.275,00 денари** и тоа за: реконструкција на водовод на ул. Булевар 1ви Мај,во населба Недопирливи, ул. Зборска, ул. Драгорска, изведба на водоводна линија на улица СТУ 1 во АРМ и СРУ5 во АРМ.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за енергетика** потрошени се средства во износ од **557.453,00 денари**, за изработка на програма за енергетска ефикасност на Општина Битола, проект за реконструкција на улично осветлување во с.Долно Оризари, проекти за улично осветлување на улиците 11 март, Панде Николов, Козара, 8 ми Септември и др.

**За изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката потрошени се средства во износ од 15.904.071,00 денари** и тоа за ул. Крушевска Република, ул. Ѓурчин Наумов Пљакот, партерно уредување околу Офицерски дом, улично осветлување на ул. СТУ1, санација на радиаторско греење и котлара во спортска сала Боро Чурлевски, изведба на улично осветлување на Булевар 1ви Мај, изведба на улично осветлување на улица Студенска, одржување на инсталации за греење во спортска сала Боро Чурлевски ,одржување на инсталации за греење во детската градинка Естреја.О.Мара, средните училишта Јован Калаузи, Ѓорѓи Наумов, Јосип.Б.Тито,одржување на инсталации за греење во основните училишта Коле Канински,Ѓорѓи Сугарев,Климент Охридски како и одржување на инсталации за греење во Општина Битола.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **6.369.573,00 денари,** и тоа за гео. Елаборат за ажурна подлога за парк, како и за изградба на повеќе улици, ревизија на проекти за реконструкција на коловози на ул. 16та, Драгорска, Зборска, Никола Тесла поставување на урбана опрема детско игралиште во Д.Оризари, проект за отстранување на постоечки објекти, изработка на извештај од мислење за високи подземни води при изградба на градинка, истражни работи со метода бушење во горно Српци, геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога од Педагошка до Веро и до Шеталиште, елаборат за запишување на објект стадион, геомеханички истражни работи за ДУП АРМ2, основен проект за изградба на противпожарен дом ТППЕ во Битола, техничка документација за изработка на основен проект за реконструкција на објект КП 1158 во КО Бистрица, физибилити студија за видео надзор, ревизија на проект за реконструкција на противпожарен дом, проект за

употреба и одржување на јужна трибина на фудбалски стадион Петар Милошевски, конзерваторски надзор за адаптација на Офицерски дом и партерно уредување, проект за изградба на противпожарен дом согласно ДУП АРМ4, проекти за изградба на паркинзи со фази: коловоз, атмосферска канализација, улично осветлување,геомеханички истражни работи за игралиште во ОУ Елпида Караманди и др.

**За изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **78.676.469,00 денари** и тоа за: изградба на детски парк Довлеџик, финансиски средства за проектот Тумбе кафе изградба на патеки и поставување на урбана опрема и пречестителна станица со колекторски систем на Пелистер, поплочување на простор и осветлување кај ЈАТ на улица Рузвелтова, изградба на детска градинка кај АРМ ,изградба на северна трибина на стадион Тумбе Кафе, партерно уредување околу објектот Офицерски Дом, градежно занаетчиски работи во Боро Чурлевски,покривачки и лимарски работи во МЗ Вељко Влаховиќ и МЗ во с. Ротино,изградба на настешница во објект за ветеринарна заштита, реконструкција на тоалетите во ОУ Трифун Пановски и др.

**За надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се средства во износ од **2.845.327,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **1.138.130.543** | **1.028.777.798** |
| **74 Трансфери и донации** | 1.138.130.543 | 1.028.777.798 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.138.130.543 | 1.028.777.798 |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 1.028.777.798,00 денари, од планираните 1.138.130.543,00 денари, или 90,39%.

## На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.138.130.543** | **1.028.777.798** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **918.521.289** | **909.417.549** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 653.354.869 | 649.602.910 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 254.974.305 | 253.134.639 |
| 404 Надоместоци | 10.192.115 | 6.680.000 |
| **42 Стоки и услуги** | **130.980.017** | **93.653.100** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 71.578.578 | 44.889.538 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 3.281.466 | 2.184.241 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 11.696.296 | 5.772.531 |
| 425 Договорни услуги | 42.169.650 | 39.188.336 |
| 426 Др.тековни расходи | 2.254.027 | 1.618.454 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **2.922.978** | **1.001.355** |
| 464 Разни трансфери | 2.922.978 | 1.001.355 |
| **48 Капитални расходи** | **85.706.259** | **24.705.794** |
| 480 Купување на опрема и машини | 15.372.243 | 9.811.782 |
| 482 Др.градежни работи | 66.254.016 | 12.126.102 |
| 483 Купување на мебел | 4.080.000 | 2.767.910 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 1.028.777.798,00 денари од планираните 1.138.130.543,00 денари или 90,39% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 649.602.910,00 денари, од планираните 653.354.869,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 253.134.639,00 денари, од планираните 254.974.305,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци е реализирана во износ од 6.680.000,00 денари, од планираните 10.192.115,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 44.889.538,00 денари од планираните 71.578.578,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 2.184.241,00 денари, од планираните 3.281.466,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 5.772.531,00 денари, од планираните 11.696.296,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 39.188.336,00 денари, од планираните 42.169.650,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 2.254.027,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 1.618.454,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 2.922.978,00 денари, реализирана е со износ од 1.001.355,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 15.372.243,00 денари, реализирана е со износ од 9.811.782,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти бил планиран износ од 66.254.016,00 денари, реализирани се средства во износ од 12.126.102,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 4.080.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 2.767.910,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 73,48%, В2- Дом за стари лица 97,64 %, К3- Музејска и кинотечна дејност е 95,16%, Н1- Основно образование со 98,71%, Н2- Средно образование со 84,83% и програмата Ѕ0- Противпожарна заштита со 99,87%.

Резултатите во 2023 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 13 редовни седници и 4 вондредни седници на кои беа разгледани 631 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 18 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-25/5**
**07.03.2024 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**